Предлагач:Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од слабата реколта на тутун,по скратена постапка

Скопје,Ноември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 19. 11. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5573/1 | | |

ДО
Претседателот на Собранието на
Република Северна Македонија

Врз основа на членот, 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139,144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија,Ви поднесуваме Предлог на Закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од слабата реколта на тутун, по скратена постапка.

Пратеници:

## В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Основната цел поради која се предлага законот е намалување на последиците кај тутунопроизводителите.Како трудоинтензивна дејност зголемувањето во субвенцијата претставува подршка на тутунопроизводителите и покривање на дел од трошоците и стабилизирање на приходите,особено кога родот на тутун е значително намален и цената на тутунот е незадоволителна.Со повисоки субвенции земјоделците имаат мотив да продолжат со одгледување и зголемување на производството со тоа што тутунот како важна гранка во нашата држава придонесува во развојот на економијата и тутунопроизводството како основен извор на приходи за многу семејства во нашата држава.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на Предлог законот е да се издвојат повеке средства од буџетот за производителите на тутун и истите да имаат економска исплатливост и сигурност во производството и да се обезбеди долгорочна одржливост на тутунопроизводството како дел од економијата и културната традиција.Се воспоставува процедура на доделување на средства за намалување на последиците кај тутунопроизводителите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот има финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон потребни се дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

## за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од слабата реколта на тутун

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите, корисниците, висината и постапката за доделување на финансиска поддршка за намалување на последиците од слабата реколта врз производството и откупот на тутунот.

### Член 2

Финансиската поддршка за намалување на последиците предизвикани од слабата реколта на тутун се состои од зголемена субвенциите на 100 денари по килограм предаден тутун за сите класи на тутун согласно член 3, кои се предадени кај регистриран откупувач согласно Законот за тутун,производи од тутун и сродни производи.

### Член 3

Исплата на разликата од класа што ја добиле тутунопроизводителите при откупот согласно Законот за земјоделство и рурален развој и зголемената субвенција која се предвидува согласно член 2, ќе се исплати од средства на Буџетот на Република Северна Македонија преку Владината програма Д-ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ.

### Член 4

Корисници на финансиска подршка согласно овој закон се регистрирани тутунопроизводители кој својот тутун го предале во регистриран откупувач на тутун согласно Законот за тутун,производи од тутун и сродни производи.

### Член 5

Законот ќе се применува за реколтата 2023/2024 година.

### Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија “.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГО ЗАКОНОТ

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог на законот за финансиска поддршка за намалување на последиците од слабата реколта на тутун се уредуваат 6 члена.

Со првиот член се предвидуваат условите, корисниците, висината и постапката за доделување на финансиската подршка.

Во членот 2 е предвидена зголемената субвенција до 100 денари по килограм предаден тутун,односно разликата од  класата која ја добиле со исплата на дополнителна субвенција до 100 денари по килограм.

Во членот 3 се предвидува кој ќе ја изврши исплатата на овие дополнителни средства.

Во членот 4 се регулира кои ке имаат право на дополнителна субвенција.

Со членот 5 е уредено временското применување на законот.

Со членот 6 се предвидува влегувањето во сила на законот.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Се воспоставува процедура за доделување на средствата и постапката за реализација на средствата за намалување на загубите.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Ќе се исплатат зголемени субвнции за тутунопроизводителите и за намалување на загубите на тутунарите.